ГРАЃАНСКИ НАДЗОР НАД ЈАВНИТЕ НАБАВКИ



СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# КРУЖНИОТ ТЕК КАЈ „ВЕТЕРИНАРНОТО“

# НЕДОСТАТОЦИТЕ НА ПРОЕКТОТ ВООЧЕНИ ДУРИ НА КРАЈОТ ОД ГРАДБАТА И ПЛАТЕНИ ОД ПАРИ НА ГРАЃАНИТЕ



Реконструкцијата на крстосницата на ул. „Прилепска“ со ул. „Баталјон Стив Наумов“, или попозната како „кружниот тек кај Ветеринарното“ е извршена, па поправана, и дополнително е двапати асфалтирана само во неколку месеци. Ова е еден од тендерите што многумина жители на Битола го посочија како „проблематичен“ и за којшто побараа одговори за причините за ваквите случувања.

Фотографија од веб-страницата на Општина Битола

## Во што е проблемот?

Општина Битола го склучила договорот за реконструкција на крстосницата на ул. „Прилепска“ со ул. „Баталјон Стив Наумов“ со две фирми: Друштвото за превоз, производство, трговија и услуги ЈОСКАТРАНС-ТРЕЈД Демир Хисар, како носител на договорот, и Друштвото за градежништво, производство и услуги БВ ИНЖЕНЕРИНГ Битола, како член на групата. Договорот е склучен на 7 април 2023 година, во вредност од 192 илјади евра. Три месеци ѝ биле потребни на Општината да им овозможи на фирмите да почнат со градба на кружниот тек. Во согласност со договорот, кружниот тек требало да биде изграден во рок од 60 работни дена од воведувањето на изведувачот во работа (5 јули 2023), односно до крајот на септември 2023 година. Овој рок не бил испочитуван и асфалтирањето е направено во ноември 2023 година, по што почнуваат и првите проблеми на учесниците во сообраќајот, проследени со коментари дека кружниот тек не е добро проектиран.

# Што е откриено низ граѓанскиот надзор?

### Недоследностите во проектната документација, наместо на почетокот, се воочени и поправани во завршната фаза од изградбата на кружниот тек:

Во изградбата на кружниот тек се јавуваат два проблеми. Првиот е неусогласеноста на проектната документација со важечките стандарди и прописи, што е воочена дури откако се изградил и се асфалтирал кружниот тек, односно во ноември-декември 2023 година. Вториот проблем е поврзан со лошото асфалтирање, што резултира со деформации на асфалтот на почетокот од 2024 година. Доколку внимателно се чита договорот од 112 членови што Општина Битола го склучила со ЈОСКАТРАНС-ТРЕЈД Демир Хисар и БВ ИНЖЕНЕРИНГ Битола, произлегува дека овие проблеми не смееле и не требало да се појават.

За проблемот дека кружниот тек е изведен во согласност со проектната документација која имала недостатоци, ЈОСКАТРАНС-ТРЕЈД ја информира Општина Битола дури на 14 декември 2023 година. Во тој допис се вели дека „при анализа на проектната документација, воочени се недостатоци чие решавање е од клучно значење заради изведба на објектот во согласност важечки стандарди и прописи“. Во согласност со ова, се јавила потреба од дополнителни и непредвидени работи и на основниот договор му се зголемува вредноста за 37 илјади евра, односно за максимално дозволениот законски износ од 20 %. Барањето за овој анекс е проследено со рекапитулар и одобрување од фирмата која го врши надзорот – ЗИМ Скопје. Општина Битола го одобрува барањето на изведувачите и, на 19 декември 2023 година, се склучува анекс на договорот, со што вкупната вредност на кружниот тек достигнува 229











илјади евра. Притоа, никаде во овие документи не може да се види мислењето на проектантот, ЕУРО РОУД ДИЗАЈН ГРУП ЛЛЦ Скопје, што не е во согласност со договорот што е склучен со фирмите ЈОСКАТРАНС-ТРЕЈД Демир Хисар и БВ ИНЖЕНЕРИНГ Битола. Во член 35 од тој договор се вели: „Изведувачот е должен навремено и детално да ја проучи проектната документација врз основа на која се изведуваат договорените работи и од Нарачувачот навремено да побара објаснување за недоволно јасните детали." Според добиената документација, вакво појаснување не било барано и, оттука, не се надминале проблемите кои подоцна и се појавиле.

Понатаму, според членот 36 од склучениот договор, „Изведувачот нема право да ја менува проектната документација. Ако воочи недостатоци во проектната документација или смета дека таа документација треба да се менува заради нејзино подобрување или други причини, Изведувачот е должен за тоа навремено да го извести Нарачувачот (Општина Битола). Нарачувачот ќе побара писмено мислење од страна на надзорот и изготвувачот на проектот за основаноста на воочените недостатоци." Според јавно објавената, како и добиената документација од Општина Битола, вакво мислење е добиено само од страна на надзорот, но не и од изготвувачот на проектот. Воедно, значајно е да се истакне дека во рекапитуларот што до Општината го доставиле фирмите што го граделе кружниот тек е воочена врвна математичка прецизност, сите вишоци (во единица мерка м$^2$ и м$^3$) да се пресметаат во денари, во вкупен износ од 2.294.683 денари, што е зголемување од 19,45 % од основниот договор. Според Законот за јавни набавки, зголемувањето на основниот договор не смее да надмине 20 %.

## Нема одговор на што се должела деформацијата на горниот слој на асфалтот по само 1 месец:

Од Општината го потврдуваат проблемот со деформациите на асфалтираната крстосница набрзо по пуштањето во употреба. Велат дека се утврдило дека треба повторно целосно да се асфалтира вториот слој на кружниот тек. Притоа, нема објаснување зошто се случило тоа и дали некој треба да сноси одговорност. Општината потенцира дека повторното асфалтирање било на сметка на фирмите-изведувачи. Сепак, се поставува прашањето како се случило ова брзо оштетување на асфалтот и дали е доследно почитуван членот 57 од договорот, каде што се вели дека: „Нарачувачот по фазата асфалтирање ќе ангажира лабораторија која ќе изврши контрола на квалитетот на вградениот асфалт по МКС ЕН 13036-4."

## Не се преземени казнени мерки:

Побараниот динамичен план за градба со цел да се воочи дали изведувачите ги почитувале договорените рокови за изградба не беше доставен од страна на Општина Битола, со образложение дека „динамичниот план се менуваше постојано заради што се навлезе во период на неповолен временски период за работа". Но, останува фактот дека кружниот тек не е изграден во согласност со првично договорените рокови и дека за тоа не е барана одговорност. Дополнително, останува прашањето дали на фирмите изведувачи требало да им се одобри склучување на анекс на договорот заради неусогласеност со проектната документација во завршната фаза од реализацијата на тендерот. На овој начин, цената за тие недостатоци ја платија граѓаните, а не фирмата која го изготвила проектот или, пак, фирмите изведувачи.

**Сите документи во врска со тендерот за реконструкцијата на крстосница на ул. „Прилепска“ со ул. „Баталјон Стив Наумов“ се достапни на овој код:**



## Каде да пријавите корупција?

Доколку сметате дека има неправилности во некоја јавна набавка, можете да пријавите во Државната комисија за спречување на корупцијата на телефонот **(02) 3248 930**, преку испраќање електронска пошта на: contact@dksk.org.mk или по писмен пат, на следнава адреса:

**Државна комисија за спречување на корупцијата,**
**бул. „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје.**

Изработката на оваа публикација е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој (УСАИД), а нејзината содржина е исклучиво одговорност на Центарот за граѓански комуникации и не може да се смета дека ги одразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Држави.

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС